# ЕВРОПА АД Скопје

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2017,**
**со извештај на независниот ревизор**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2017, со извештај на независниот ревизор

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| **ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ** | **3 - 5** |
| **БИЛАНС НА УСПЕХ** | **6** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **7** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА** | **8** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНАТА** | **9** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК** | **10** |
| **БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ** | **11 - 34** |


**Додатоци**


**Додаток 1- Годишна сметка**

**Додаток 2- Годишен извештај за работа**

| Б и Љ,<br>Боро и Љупчо<br>д.о.о. - Скопје | Ревизија, Проценка и Финансиски<br><br>Консалтинг | Дрезденска бр 52<br>1000 Скопје<br><br>Македонија | Тел: + 389 (02) 3066-604<br>Тел: + 389 (02) 3061-185<br>Факс + 389 (02) 3094-919 |
|---|---|---|---|

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Управниот одбор на ЕВРОПА АД - Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЕВРОПА АД Скопје што ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2017 година, како и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на ЕВРОПА АД Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оце нка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основи за мислење со резерва*

Со верификација утврдивме дека кај побарувањата од купувачи (белешка 20) во износ од 175.823 илјади денари, прикажани во извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2017 година, постојат стари салда во износ од 16.674 илјади денари, за кои не е извршена исправка на вредност. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило побарувањата од купувачи и финансискиот резултат за истиот износ.

Како што е наведено во белешката 16 од овие финансиски извештаи, Друштвото има вложувањата расположливи за продажба во износ од 194.695 илјади денари. Друштвото не извршило мерење на објективната вредност на овие вложувања расположливи за продажба, што не е во согласност со барањата на Меѓународниот Сметководствен Стандард 39 – Финансиски инструменти: признавање и мерење, што е прифатен и објавен во Р.Македонија. Доколку се направи проценка на објективната вредност на овие вложувања расположливи за продажба, според нивната пазарна цена на Македонската берза на датумот на извештајот на финансиска состојба, на дел од вложувањата расположливи за продажба би требало да се намали вредноста и да се признаат расходи по основ на намалување на вредноста на вложувањата расположливи за продажба во износ од 99.370 илјади денари, на дел да се зголеми вредноста во износ од 8.654 илјади денари, со што би се зголемиле резервите од вреднување на вложувањата расположливи за продажба, додека на дел од вложувањата расположливи за продажба, можеби би било неопходно да се намали вредноста на овие вложувања и да се признаат расходи по основ на оштетување на средствата. За износот за намалената вредност на вложувањата расположливи за продажба преценети се средствата и финансискиот резултат на Друштвото за 2017 година, додека за износот на зголемената вредност на вложувањата расположливи за продажба подценети се средствата и резервите од вреднување на вложувањата. Ние изразивме мислење со резерва за ова прашање во финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година.

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за наведеното во претходниот пасус, финансиските извештаи објективно ја презентираат, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЕВРОПА АД Скопје заклучно со 31 декември 2017 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2017 година.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи. Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ЕВРОПА АД Скопје за годината што заврши на 31 декември 2017 година.

Скопје, 19 март 2018 година

Овластен ревизор

Атанасовски Борислав

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Атанасовски Борислав

## ЕВРОПА АД Скопје

## БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2017 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **7** | **710.285** | **708.427** |
| Останати деловни приходи | 8 | 9.212 | 2.994 |
| Промени на залихите на готови производи и производството во тек | | -5.236 | 10.548 |
| Употребени суровини и помошни матриј. | 9 | -359.480 | -388.537 |
| Плати и надоместоци од плати | | -149.120 | -155.632 |
| Амортизација | 13.14 | -35.222 | -36.783 |
| Набавна вредност на трговски стоки | | -2.768 | -6.774 |
| Останати деловни расходи | 10 | -119.545 | -103.501 |
| **Добивка од редовно работење** | | **48.126** | **30.742** |
| Финансиски приходи | 11 | 11.972 | 3.702 |
| Финансиски расходи | 12 | -5.751 | -7.439 |
| **Добивка пред оданочување** | | **54.347** | **27.005** |
| Данок од добивка | 13 | -6.185 | -3.446 |
| **Нето добивка** | | **48.162** | **23.559** |
| Основна заработувачка по акција (денари) | | 209,37 | 102,42 |

Овие финансиски извештаи се усвоени од Управниот одбор на Друштвото на 2 март 2018 година и ги одобри за доставување до Централниот Регистар на РМ

**Генерален директор**

**Марика Караџова**

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ЕВРОПА АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за годината завршена на 31 декември 2017 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка за периодот** | | **48.162** | **23.559** |
| Друга сеопфатна добивка: | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| **Вкупна друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **48.162** | **23.559** |

**Придружните белешки се составен дел**
**на овие финансиски извештаи**

## ЕВРОПА АД Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2017 година**

| во илјади денари | Белешки | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 14 | 313.292 | 343.613 |
| Вложувања во подружници | 15 | 37.850 | 350 |
| Вложувања расположливи за продажба | 16 | 194.695 | 216.470 |
| Аванси за инвестиции | 17 | 525 | 764 |
| Побарувања по долгорочни кредити | 18 | 5.459 | 5.568 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **551.821** | **566.765** |
| Залихи | 19 | 114.755 | 124.000 |
| Побарувања од купувачи | 20 | 175.823 | 184.488 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 21 | 12.449 | 633 |
| Останати краткорочни побарувања | 22 | 8.441 | 12.005 |
| Парични средства | 23 | 34.068 | 20.343 |
| **Вкупно тековни средства** | | **345.536** | **341.469** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **897.357** | **908.234** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 613.773 | 613.773 |
| Сопствени акции | | -69.623 | -69.623 |
| Законски резерви | | 107.326 | 104.918 |
| Резерва за објективна вредност | | -47.945 | -47.945 |
| Ревалоризациона резерва | | 4.035 | 4.035 |
| Нераспределена добивка | | 120.069 | 92.718 |
| **Траен капитал** | | **727.635** | **697.876** |
| **Обврски по долгорочни кредити** | **24** | **14.317** | **26.498** |
| Обврски према добавувачи | 25 | 83.446 | 115.269 |
| Обврски по краткорочни кредити | 26 | 55.965 | 53.226 |
| Останати краткорочни обврски | 27 | 15.994 | 15.365 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **155.405** | **183.860** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **897.357** | **908.234** |

**Генерален директор**

**Марика Караџова**

**Придружните белешки се составен дел**
**на овие финансиски извештаи**

# ЕВРОПА АД Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ
## за годината завршена на 31 декември 2017 година

| во илјади денари | Акцион. капитал | Сопствени акции | Законски резерви | Резерва за објект. вредност | Нераспр. добивка | Ревалор. резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 1.01.2017** | **613.773** | **-69.623** | **104.918** | **-47.945** | **92.718** | **4.035** | **697.876** |
| **Сеофатна добивка** | | | | | | | |
| Добивка 2017 година | | | | | 48.162 | | 48.162 |
| Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивната пазрна вредност | | | | | | | |
| **Вкупна сопфатна добивка** | | | | | **48.162** | | **48.162** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | | |
| Распределба на добивка | | | 2.408 | | -2.408 | | |
| Дивиденда | | | | | -18.403 | | -18.403 |
| **Состојба на 31.12.2017** | **613.773** | **-69.623** | **107.326** | **-47.945** | **120.069** | **4.035** | **727.635** |

| во илјади денари | Акцион. капитал | Сопствени акции | Законски резерви | Резерва за објект. вредност | Нераспр. добивка | Ревалор. резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 1.01.2016** | **613.773** | **-69.623** | **103.740** | **-47.945** | **111.510** | **4.035** | **715.490** |
| **Сеофатна добивка** | | | | | | | |
| Добивка 2016 година | | | | | 23.558 | | 23.558 |
| Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивната пазрна вредност | | | | | | | |
| **Вкупна сопфатна добивка** | | | | | **23.558** | | **23.558** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | | |
| Распределба на добивка | | | 1.178 | | -1.178 | | |
| Дивиденда | | | | | -34.505 | | -34.505 |
| Награди | | | | | -6.667 | | -6.667 |
| **Состојба на 31.12.2016** | **613.773** | **-69.623** | **104.918** | **-47.945** | **92.718** | **4.035** | **697.876** |

**Придружните белешки се составен дел
на овие финансиски извештаи**

## ЕВРОПА АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК
**за годината завршена на 31 декември 2017 година**

| во илјади денари | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Нето добивка | 48.162 | 23.559 |
| Амортизација | 35.222 | 36.783 |
| Побарувања од купувачи | 8.666 | 44.065 |
| Останати побарувања | 3.563 | 2.541 |
| Залихи | 9.245 | -10.159 |
| Обврски према добавувачи | -31.823 | -4.170 |
| Останати тековни обврски | 630 | 862 |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **73.665** | **93.481** |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Долгорочни побарувања по кредити | 109 | 197 |
| Краткорочни финансиски средства | -11.816 | 647 |
| Издвоени средства за инвестиции | 239 | -149 |
| Вложувања во подружници | -37.500 | |
| Вложувања расположливи за продажба | 21.775 | |
| Расходувани и продадени НПО | 321 | |
| Нови набавки | -5.222 | -4.198 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **-32.094** | **-3.503** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Долгорочни кредити | -27.943 | 5.629 |
| Исплатена дивиденда и награди | -18.403 | -39.395 |
| Обврски по краткорочни кредити | 18.500 | -51.053 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-27.846** | **-84.819** |
| **Нето зголемување на паричните средства** | **13.725** | **5.159** |
| **Парични средства на почеток од годината** | **20.343** | **15.184** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **34.068** | **20.343** |

**Придружните белешки се составен дел**
**на овие финансиски извештаи**

**ЕВРОПА АД Скопје**

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТО

Друштвото за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА АД - Скопје основано е и работи во Република Македонија. Основна дејност на Друштвото која одговара на шифрата 0113071, производство на какао, чоколади, бонбони и кондиторски производи;

Акционерската главнина на Друштвото ја сочинуваат е поделена на 255.583 обични акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 51,13 ЕВРА.

Европа АД Скопје со состојба 31.12.2017 година има откупено 25.549 обични акции или 9,996 % од акционерската главница.

Акционери со учесто над 5% во издадените акции на ЕВРОПА АД -Скопје се:

| **Акционери:** | **31.12.2017** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Есамедин Хасани | 8,20% | 8,20% |
| Мила Левентиќ | 8,68% | 8,68% |
| Фершпед АД Скопје | 21,77% | 21,77% |
| АС Сењак | 18% | 18% |
| Макошпед АД Скопје | 19,05% | 19,05% |

Бројот на вработени со состојба на 31 декември 2017 изнесува 400 (2016: 408)

Седиштето на Друштвото е во Скопје на улица “808” бр 8.

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1. Прописи

Финансиски извештаи на ЕВРОПА АД - Скопје се изготвени во согласност Законот за трговски друштва ( ”Службен весник на РМ ” бр.28/2004 .... 192/2015) и Меѓународните Сметководствени Стандарди (МСС) и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ), објавени во Република Македонија во Правилникот за водење сметководство во Службен Весник на РМ бр.159/2009, 164/2010 и 107/2011 година, применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба и за годината што завршува на 31 декември 2017 и 31 декември 2016 година. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на методот на набавна вредност.

### 2.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето. Тоа значи дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина.

### 2.4. Користење на сметководствени проценки и расудувања

При пдоготвувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.
Сметководствени проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на материјалните и нематеријалните средства, објективната вредност на побарувањата, односно нивната наплатливост, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и други ставки.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во околностите што биле основа за проценката, како резултат на нови информации или последователни случувања.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финаисиските извештаи за 2017 година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Политика на евидентирање на приходите

Друштвото евидентира приходи од продажба и услугите кои ги врши во моментот на нивното извршување за потребите на своите клиенти. Приходите се евидентираат со примена на принципот на фактичност на настаните, односно во моментот на нивното настанување.

### 3.2. Приходи од камати

Каматите настанати по основ на побарувања од деловните односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати. Приходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.3. Камати како расход

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловните односи се искажуваат како расходи од камати. Расходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.4. Приходи по основ на финансиски вложувања

Приходите по основ на вложените средства во акции на банки, други финансиски организации и во трговски друштва се искажуваат во билансот на успехот како приходи во рамките на останатите оперативни приходи.

### 3.5. Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се надоместуваат од приходот на пресметковниот период кога ќе настанат.

Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

### 3.6. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

Набавките на недвижностите, постројките и опремата во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на НПО се состои од фактурната вредност на набавените НПО зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Во согласност со прописите кои порано се применуваа во Република Македонија, недвижностите постројките и опремата се ревалоризирани на крајот на годината. Ревалоризацијата се вршеше на набавната или претходно ревалоризираната вредност на средствата и на исправката на вредноста со примена на официјални коефициенти за ревалоризација. Нето ефектот од ревалоризацијата е евидентиран како ревалоризациона резерва. Последна ревалоризација Друштвото изврши во 2003 година.

Недвижностите, постројките и опремата се поделени во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот целосен отпис.

Позитивната разлика настаната при продажба на основни средства се книжи во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотпишаната вредност на продадени и расходувани основни средства се книжи на товар на останатите оперативни расходи.

### 3.7. Амортизација

Набавната вредност на недвижностите постројките и опремата се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на недвижностите постројките и опремата.

Стапките што се применуваат за амортизација на недвижностите постројките и опремата што ги поседува "ЕВРОПА" АД - Скопје се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5 % |
| Опрема | 5 - 25% |
| Транспортни средства | 25% |

Амортизација не се пресметува за ставките: земјиште, инвестиции во тек и уметнички слики.

### 3.8. Оштетување (обезвреднување) на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата се проверуваат од можни обезвреднувања секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност. Загуба од оштетување (обезвреднување) се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност на средството. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност. Нето продажната цена е износ што се добива од продажба на средството во трансакција помеѓу добро известени субјекти. Употребната вредност е сегашна вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместувачкиот износ се проценува за поедниечните средства или доколку тоа не е можно за целата група на средства која генерира готовински прилив.

### 3.9. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата во хартии од вредност расположливи за продажба во билансот на состојба се класифицираат во рамките на долгорочните средства. Почетните вложувања се евидентираат по набавна вредност, вклучувајќи ги сите трансакциони трошоци. Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена од пазарната цена на истите на датумот на билансот на состојбата. Промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се евидентира во рамките на капиталот на позицијата останати резерви. Кога намалувањето на објективната вредност на финансиско средство расположливо за продажба е признаено во останатата сеопфатна добивка и постои објективен доказ дека средството е обезвреднсто, акумулираната загуба која е признаена во останатата сеопфатна добивка се рекласификува во добивката или загубата во годината.

Значително или продолжено намалување на објективната вредност на вложување во сопственички инструмент под неговата набавна вредност е објективен доказ за обезвреднување. Хартиите од вредност расположливи за продажба за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност, намалени за евентуално нивно обезвреднување поради стечај, ликвидација или други релевантни индикатори.
Во моментот на продажба на вложувањата во хартии од вредност расположливи за продажба акумулираниот износ во капиталот, што произлегува од промена на вредноста, се евидентира во билансот на успех.

Вложувањата во акционерските друштва во мнозинска сопственост и во придружените друштва се евидентирани според набавната вредност.

### 3.10. Залихи

Залихите на материјали и резервни делови ситниот инвентар и трговските стоки се искажуваат по набавни цени, заедно со трошоците за нивна набавка додека производството во тек и готовите производи се искажуваат по плански цени корегирани за отстапување.
Ситниот инвентар се отпишува во целост при ставањето во употреба.

### 3.11. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања за испорачаните услуги и стоки, намалени за исправката на вредност за ненаплатливите побарувања. Исправка на вредноста на побарувањата од купувачи се врши кога постојат објективни докази дека побарувањето не може да се наплати. Индикатори кои се користат при проценката на наплатливоста на побарувањата од купувачи се: инсолвентност на купувачите, значително доцнење на наплатата, како и стечај или ликвидација на купувачите. Последователната наплата на претходно отпишаните износи на побарувања се признава во рамките на останатите оперативни приходи.

### 3.12. Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска и девизна готовина во благајна, парични средства на жиро - сметките во деловни банки, девизни сметки во деловните банки и други парични средства.

### 3.13. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Македонија на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од останатите оперативни приходи, односно од останатите оперативни расходи.

### 3.14. Капитал, сопствени акции, резерви и акумулирани добивки

#### Акционерски капитал

Акционерскиот капитал се состои од обични и приоритетни акции. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

#### Откупени сопствени акции

Акциите кои се издадени од Друштвото и кои се купени од истото се евидентираат како сопствени (трезорски) акции. Тие се признаваат по нивната набавна вредност во која се вклучени и трансакционите трошоци, а се прикажуваат како намалување на капиталот на Друштвото.

#### Законски резерви

Законските резерви ги сочинуваат резервите формирани со распределба на дел од нето добивката на Друштвото. Овие резерви можат да бидат употребени за покривање на искажана загуба во работењето на Друштвото.

#### Акумулирана добивка

Акумулираната добивка ги вклучува нераспределената добивка од претходните години, како и добивката по оданочување од тековната година.

### 3.15. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност со одобрување на останатите оперативни приходи.

### 3.16. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по долгорочни и краткорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Делот од долгорочните кредити што доспева за наплата во рок од 12 месеци од денот на билансот на состојбата се рекласифицира во рамките на тековните обврски.

## 3.17. Данок на добивка

Ако правното лице оствари добивка пред одданочување има обврска да плаќа данок и придонес од добивка. Добивката пред одданочување утврдена според одредбите од Законот за данок од добивка, се корегира за одредени приходи, расходи и инвестиции.

Стапката на данокот на добивка во Република Македонија изнесува 10% (10% и во 2016 година).

## 3.18. Користи за вработените

### Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско осигурување, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход во согласност со важечките законски стапки во текот на годината. Основицата за пресметка на придонесите претставува бруто платата. Друштвото плаќа придонес за пензиско осигурување во првиот и вториот пензиски столб, односно во Државниот пензиски фонд, а дел и во приватни пензиски фондови. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

### Обврски при пензионирање

Друштвото, во согласност со домашните законски прописи, на вработените што се пензионираат им исплаќа надомест во износ на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирањето. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените затоа што се смета дека износот е нематеријален за финансиските извештаи.

## 3.19. Резервирања

Резервирања се признаваат и пресметуваат кога Друштвото има правна обврска или обврска која произлегува од договор како резултат на минат настан и кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на средства со цел да се подмири обврската и кога може да се направи разумна проценка на износот. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат цо цел да се усогласат со најдобрата тековна проценка.

## 3.20. Неизвесни обврски и неизвесни средства

